Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-1629/6
10.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јули 2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Винарска Визба Лозар, со седиште на ул. 8ми Септември бр.2Б Горно Оризари, Битола, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб–страницата на Владата на Република Северна Македонија.

## Образложение

АНГРОМАРКЕТИНГ ДОО Демир Хисар, со седиште на ул. Битолска бб Демир Хисар, поднесе барање бр. УПI 13-808 од 11.12.2024 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Винарска Визба Лозар, со седиште на ул. 8ми Септември бр.2Б Горно Оризари, Битола, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УПI 13-808 од 9.1.2025 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.07.2025 21:38 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9ba8c00f-a21e-4949-94f0-d558faff1b1a&docSharePointURL=/materijali/2025/638747778229732403/Documents/act.docx&materialId=2b464cb5-e20c-4f47-adb7-36069c35912e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.09 16:28:01 +02:00

Подготвил: Тања Поповска, 08.07.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 08.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 08.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 08.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.09 10:33:47 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.07.2025 21:38 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9ba8c00f-a21e-4949-94f0-d558faff1b1a&docSharePointURL=/materijali/2025/638747778229732403/Documents/act.docx&materialId=2b464cb5-e20c-4f47-adb7-36069c35912e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*